Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Ѕвезде Максимовски УП2 09-21/24 од 23 јануари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1134280461 за период од 28.07.2023 - 25.08.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1134280461 за период од 28.07.2023 - 25.08.2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Ѕвезде Максимовски до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1134280461 за период од 28.07.2023 - 25.08.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Според ЕВН ХОМЕ - на 13.09.2023 година кон ЕВН е доставен приговор за фактура 1134280461 која била изготвена со проценети состојби за период 28.07.2023-25.08.2023. Приговорот на корисникот е прифатен, изготвена е корекција согласно отчитани состојби од броилото (фактура со број 1134964638 за период 28.07.2023-14.09.2023).

Со оглед на тоа дека корисникот извршил уплата по фактурата за која барал корекција, уплатените средства, -2,139.00 денари се евидентирани како износ во претплата во фактурата изготвена на 27.09.2023 година. Меѓутоа за оваа уплата во меѓувреме е пристигнат отповик и истата уплата е сторнирана од страна на банката, при што оваа сума е иземена од евиденција на плаќања и фактурите кои биле раскнижени со истата (1134964638 и 1135169546) сега фигурираат како отворени задолженија.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-13/24 од 23 јануари 2024 година со прилог:

-Фактура бр.1134964638 за период 28.7.2023-14.09.2023
-Фактура бр.1135169546 за период 15.9.2023-26.09.2023
-Фактура бр.1137841706 за период 30.11.2023-25.12.2023
-Приговараната фактура

2. Одговор од ЕВН од 1 февруари 2024 година со прилог:
-Протокол на уплати од клиент (ОЗ-порамнување)
-Листа на отворени задолжувања од 1 февруари 2024

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–21/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**